**ЗАПИСНИК**
**од дваесет и шестата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 21.05.2019 година**

На дваесет и шестата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:Мима Станоевска претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, Лилјана Кичукова вработена во општината, Димитар Дојчинов вработен во општината, Ирена Томчева вработена во општината, Станка Карајанова вработена во општинатаи Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и шестата седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и петтата седница одржана на **05.04.2019.**

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави на гласање записникот од дваесет и петтата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и шестата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за период 01.01.2019г. - 31.03.2019 година -Кумулатив),
2.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година,
3.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија,
4.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година,
5.Предлог-Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година,
6.Предлог-Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година,

7.Предлог-Одлука за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамките на Проектот "Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина",
8.Предлог-Одлука за позајмица на средства од општинскиот буџет за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр. CB006.1.21.183,
9.Предлог-Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,
10. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за надоместок на електрична енергија од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за општина Гевгелија
11.Предлог-Решение за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија,
12.Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија,
13.Предлог-Решение за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија,
14.Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија,
15.Предлог-Заклучок по Извештајот од Полициската станица за општа надлежност-Гевгелија за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година,
16.Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија,
17. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија,
18.Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија,
19. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија,
20.Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Елена Танова од Гевгелија за изработка на Измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 10.5 општина Гевгелија),
21.Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија

(Иницијатива од ПЗУ "Хилда Колева"- Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија,
22.Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Ристо Михајлов од Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелија,
23.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1209 КО Хума), (барател: Даниел Карамфиловски од Гевгелија),
24. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.700 КО Конско), (барател: Венци Шаренков од Гевгелија),
25. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1177/1 КО Хума (барател: Никола Полизоев од Гевгелија),
26. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1113 КО Хума (баратели: Стефан и Митра Стефанови од Гевгелија),
27.Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Тони Николов од Гевгелија),
28.Предлог-Решение за одобрување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313,
29.Предлог-Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Марија Магдинчева Шопова член на Совет**-Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија" предлага точката под реден број 10 "Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за надоместок на електрична енергија од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за општина Гевгелија" да се симне од дневен ред и по истата да се расправа на некоја од наредните седници.

**Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија-**Не е спорно дали ќе ја повлечеме точката меѓутоа имаме законски обврски.Имајќи предвид дека целокупната инвестиција за водоснабдување за изградба на новиот водоводен систем ја води општина Гевгелија при приклучување на овој систем, беше постигнат договор со ЕВН за користење на електрична енергија и секој месец пристигнуваат сметки во општината за потрошената енергија.Сметам дека ЈПКД Комуналец е профитабилно претпријатие и има финансии да ги регулира овие средства и со оваа одлука ќе се растерети буџетот на општината па токму поради

ова потребно е оваа точка да оди на Совет каде што во расправата детално ќе се образложи точката и ќе бидат доставени и разгледени сите фактури за потрошена електрична енергија кои се доставени од страна на ЕВН до општината.

**Ристо Камов член на Совет –**даде забелешка од технички аспект и се однесува на имињата на точките под реден број 7,10,20,22,23,25,26 и 27 и смета дека така како што се напишани не се во ред.Точката под реден број 10 треба да биде изменета и не станува збор за Предлог-Одлука за исплата туку за прибивање или компезација на средствата ,во однос на точка 7 наместо заштита на животна средина треба да стои само животна средина бидејќи тоа е различно,во врска со точка 20 мислам дека презимето на личноста погрешно го прочитавте и сите останати точки каде што се спомнува името Хума треба да се промени во Ума бидејќи Советот има донесено одлука за промена на името на ова населено место.

**Томе Кичуков член на Совет-**Даде забелешка дека не се работи според деловникот за работа и според член 38 од деловникот материјалите за седница треба да бидат испратени седум дена пред почетокот на седницата па затоа смета дека точките по кој не е навремено испратен материјал а тоа се точките под реден број 8,10,12,14,17 и 19 не треба да се разгледуваат.Исто така предложи точката под реден број 10 да се повлече од дневен ред и да се разгледува на некоја од наредните седници каде што ќе им бидат доставени целосни податоци.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет –**Во однос на деловникот сметам деа советникот Кичуков треба да го има во предвид и членот 79 од деловникот кој гласи "По освојувањето на дневниот ред претседателот ги информира членовите на Советот за дополнително доставените и пред седница поделени дополнителни материјали" што значи деловникот дозволува и дополнително доставување материјали и пред седница.За проучување на дополнителните материјали кординаторите на советничките групи имаат право на пауза заради проучување на материјалите.Доколку барате пауза за да ги проучите материјалите може да дадеме пауза .Се согласувам дека материјалите треба да се доставуваат седум дена пред седницата меѓутоа нема одредба во деловникот каде стрикно се прецизира да се достават материјали седум дена пред почетокот на седницата.

**Магдалена Делковска член на Совет-**Пракса стана секоја седница по расправата по дневниот ред да се расправа по два часа и сметам дека треба да работиме конструктивно и да преминеме на разгледување на точките .Исто така сметам дека по образлагањето од страна на градоначалникот точката под реден број 10 треба да остане на дневен ред.

**Томе Кичуков член на Совет** повторно даде забелешка дека материјалите не се навремено испратени и тоа е кршење на деловникот од страна на претседателот на Совет и апелира во иднина да се смени оваа пракса.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** даде пауза од еден час за советникот Кичукот да може да ги проучи материјалите кои се ненавремено доставени.

**Тихомир Ручкоманов член на Совет-**Даде предлог точката под реден број 10 да остане на дневен ред но со измена на насловот и истата да гласи Предлог-Одлука за пренесување на обврска за потрошена електрична енергија на ЈПКД

Комуналец –Гевгелија фактурирана на општина Гевгелија со тоа што во членот 1 од одлуката зборот потврдува да се смени со пренесува.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советничката Марија Магдинчева Шопова точката под реден број 10 да биде симнета од дневен ред и **Советот со 8 гласа "за " и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Томе Кичуков точките под реден број 8,12,14,17 и 19 да бидат симнети од дневен ред и **Советот со7 гласа "за " ,1 не гласал и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање целокупниот дневен ред и **Советот со10 гласа "за " ,2" воздржани" и 7 "против " го усвои.**

**Тодор Ристов член на Совет** предлага точката под број 7 биде ставена како прва точка и претседателот го стави предлогот на гласање и Советот го усвои.

Советникот Ристо Камов ја напушти седницата.

**Точка 1. Предлог-Одлука за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамките на Проектот "Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина".**

Претседателот отвори претрес по точката.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Мима Станоевска претставник од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион,Игор Илков,Перо Стојанов ,Трајче Арџанлиев членови на Совет и Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за обезбедување средства за одржување на Агрометеоролошки станици во рамките на Проектот "Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина",и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 2. Предлог-Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за период 01.01.2019г. - 31.03.2019 година -Кумулатив).**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за период 01.01.2019г. - 31.03.2019 година -Кумулатив).

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината,Марија Магдинчева Шопова ,Магдалена Делковска,Андон Сарамандов ,Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, за период 01.01.2019г. - 31.03.2019 година -Кумулатив) и **Советот со11 гласа "за " и5 противго усвои.**

**Точка 3.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година**.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината,Андон Сарамандов,Тодор Ристов ,Томе Кичуков членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 годинаи **Советот со11 гласа "за " и 5 воздржанија усвои.**

**Тодор Ристов член на Совет** даде предлог по точките 3,28 и 29 да се расправа заедничкки а да се гласаат поединечно и Советот го прифати овој предлог.

**Точка 4. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по точките 3,28 и 29.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за кофинансирање на проектот за изградба на нови училници во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија и **Советот со15 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 5.Предлог-Решение за одобрување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за одобрување на измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија по ставки и потставки за периодот јануари-декември 2019 година за сметка 715010824990313 и **Советот со14 гласа "за " го усвои.**

**Точка 6**. **Предлог-Одлука за зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за зголемување и пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со14 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Димитар Дојчинов вработен во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за

уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со11 гласа "за " и 5 воздржани ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по токите 8 и 9.

Во претресот по овие точки учествуваа:**Димитар Дојчинов вработен во општината,Ангелинка Петкова,Магдалена Делковска,Зоран Лазаровски, Тодор Ристов членови на Совет, Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со12 гласа "за " и 5 противго усвои.**

**Точка 9. Предлог-Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со10 гласа "за " , 5 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 10. Предлог-Одлука за позајмица на средства од општинскиот буџет за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр. CB006.1.21.183.**

Во претресот по точката учествуваа: **Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за позајмица на средства од општинскиот буџет за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр. CB006.1.21.183 и **Советот со12 гласа "за " и 5 воздржани ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.**

Во претресот по точката учествуваа: **Сашо Поцков градоначалник на општината,Марија Магдинчева Шопова,Тодор Ристов,Томе Кичуков.Тихомир Ручкоманов,Магдалена Делковска членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за давање на управување и користење на изведена градба на објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за

дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелијаи **Советот со17 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за надоместок на електрична енергија од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за општина Гевгелија.**

Во претресот по оваа точка учествуваа:

**Тихомир Ручкоманов член на Совет-**Даде предлог да се измени насловот на оваа точка и истата да гласи Предлог-Одлука за пренесување на обврска за потрошена електрична енергија на ЈПКД Комуналец –Гевгелија фактурирана на општина Гевгелија со тоа што во членот 1 од одлуката зборот потврдува да се смени со пренесува.

**Сашо Поцков градоначалник на општината** како предлагач на точката го прифати овој предлог .

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлука за исплата на финансиски средства за надоместок на електрична енергија од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за општина Гевгелија и **Советот со10 гласа "за " ,5 против и 2 воздржани ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија.

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и од членови се разрешуваат лицата Александар Делиџаков од претседател и Ивана Чочкова,Томе Делев ,Филип Филиповски и Марија Николова.**

**Точка 14. Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија.

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетите од елементарни непогоди во општина Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и за членови се именуваат лицата Филип Филиповски за претседател и Димитар Шуклев,Ристо Картов,Атанас Стојанов и Ѓургица Јаневска.**

**Точка 15. Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и од членови се разрешуваат лицата Ристо Стамков од претседател и од членови Љубица Гунова,Миле Смилков,Оливер Ташев и Саша Јованов.**

**Точка 16. Предлог-Решение за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и за членови се именуваат лицата Тони Аврамов за претседател и како членови Петко Смилков,Тања Трајковска,Оливер Ташев и Саша Јованов.**

**Точка 17. Предлог-Заклучок по Извештајот од Полициската станица за општа надлежност-Гевгелија за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот по Извештајот од Полициската станица за општа надлежност-Гевгелија за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година

**Во претресот учествуваа: Миле Ангелков командир на ПС Гевгелија, Андон Сарамандов ,Тихомир Ручкоманов,Лазар Мешков членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот по Извештајот од Полициската станица за општа надлежност-Гевгелија за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со10 гласа "за " и 3 против го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов,Андон Сарамандов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и од членсе разрешувалицетоАлександра Караманова.**

**Точка 19. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и за член се именува лицето Миле Атанасов.**

**Точка 20. Предлог-Решение за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за разрешување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и од член се разрешува лицето Спасија Шопчева.**

**Точка 21. Предлог-Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија.

**Во претресот учествуваа:Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија и **Советот со14 гласа "за " го усвои и за член се именува лицето Катица Јованова.**

**Точка 22. Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Елена Танова од Гевгелија за изработка на Измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 10.5 општина Гевгелија).**

Претседателот отвори претрес по точките 22,23 и 24.

**Во претресот учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Елена Танова од Гевгелија за изработка на Измена и

дополнување на ДУП за дел од Блок 10.5 општина Гевгелија)и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 23. Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од ПЗУ "Хилда Колева"- Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од ПЗУ "Хилда Колева"- Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелијаи **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 24. Предлог-Програма за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Ристо Михајлов од Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за Измена и Дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови за 2019 година во општина Гевгелија (Иницијатива од Ристо Михајлов од Гевгелија за изработка на ДУП за дел од Блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелијаи **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 25. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1209 КО Хума), (барател: Даниел Карамфиловски од Гевгелија)**

Претседателот отвори претрес по точките 25,26,27 ,28 и 29

**Во претресот учествуваа:Станка Карајанова вработена во општината**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1209 КО Хума), (барател: Даниел Карамфиловски од Гевгелија)и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 26. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.700 КО Конско), (барател: Венци Шаренков од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на уранистичко-планска документација за с.Конско (КП бр.700 КО Конско), (барател: Венци Шаренков од Гевгелија)и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 27. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1177/1 КО Хума (барател: Никола Полизоев од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1177/1 КО Хума (барател: Никола Полизоев од Гевгелија)и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 28. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1113 КО Хума (баратели: Стефан и Митра Стефанови од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1113 КО Хума (баратели: Стефан и Митра Стефанови од Гевгелија),и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

**Точка 29. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Тони Николов од Гевгелија).**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за с.Хума (КП бр.1061 КО Хума), (барател: Тони Николов од Гевгелија)и **Советот со14 гласа "за " ја усвои .**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дваесет и шестата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**